# ХИДРОКОЛ С

*Водонепропусно лепило за плочки, изработено на цементна основа*
*Одговара на EN12004-1, класа C2TE*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За лепење на подни и ѕидни керамички плочки за надворешна употреба, како и за позиции кои се изложени на вода и влага: санитарни јазли, бањи, базени, тераси, фонтани и слично.

## СВОЈСТВА

- Добра лепливост
- Одлична атхезија
- Водонепропустлив
- Едноставен за приготвување
- Едноставна изведба
- Продолжено отворено време за работа
- Економичен
- Достапен во сива и бела боја

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив/ бел прашок |
| Класа | EN 12004 | C2TE |
| W/M фактор (вода/ материјал) | - | 0,22-0,26 |
| Отворено време за лепење на температура од 20˚C | EN 1346 | 30 min |
| Отворено време за обработка на температура од 20°C | - | сив: 3h<br>бел: 4-6h |
| Атхезија за подлогата при нормални услови | EN 1348 | > 1MPa |
| Атхезија за подлогата по потопување во вода | EN 1348 | >1MPa |
| Атхезија за подлогата по циклуси мрзнење/ одмрзнување | EN 1348 | >1MPa |
| Почеток на врзување | - | 3-6h |
| Крај на врзување | - | 12h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Хидрокол С се нанесува на здрава подлога од бетон, цементен или продолжен малтер. Подлогата треба да биде чиста, без масти и прашина и да биде добро натопена со вода.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидрокол С се подготвува со вода, при што смесата постојано се меша до потполно воедначување. По замешувањето треба да се остави да мирува најмногу 10 min, по што повторно се меша и вградува.

Вградувањето е со назабена глетарка или со шпахтла во слој од 4-10mm, по целата површина на подлогата, каде се лепат плочките. Пред вградувањето, плочките треба да се потопат со вода и со втиснување треба да се залепат на нанесениот лепак. За рамномерно нанесување на лепакот врз целата површина, се препорачува претходно да се нанесе тенок слој  со рамна глетарка врз целата површина, а веднаш потоа да се нанесе лепакот со назабена глетарка.

Отворено време за вградување на замешаниот материјал е 30 min, на температура од 20°C. Во текот на изведбата кога вградениот материјалот почнува малку површински да се суши, потребно е повторно



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

да се обработи со назабена глетарка, со цел да се обнови неговата лепливост. Кога замешаниот лепак ќе се стврдне, треба да се избегнува додавање на вода затоа што тогаш значително ќе се намали лепливоста на производот. Температурата на подлогата при вградување треба да биде помеѓу 5°C и 35°C. Споевите помеѓу плочките се обработуваат со смеса за фугирање Фугофил, најрано 24h по вградувањето.

## ПОТРОШУВАЧКА

за слој со дебелина од 1mm ~ 1,1kg/m²
во зависност од подлогата ~ 3,3-6,6kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

вентил вреќи од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5-35°C. Рок на употреба: 12 месеци.



Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на прашокот. При контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот дојде во контакт со очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Производот е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот за нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.


АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk